Date Printed: 04/21/2009

| | |
|---|---|
| JTS Box Number: | IFES_65 |
| Tab Number: | 121 |
| Document Title: | Electoral Board Procedure Manual |
| Document Date: | 2003 |
| Document Country: | Macedonia |
| Document Language: | English |
| IFES ID: | CE00959 |

*003EBE4B-4F51-48F9-B4B6-60E016A1D386*

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**



# ПРИРАЧНИК ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА ИЗБИРАЧКИОТ ОДБОР

**ПРЕДВРЕМЕНИ ИЗБОРИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ ВО КОЧАНИ, ДЕМИР ХИСАР, ШУТО ОРИЗАРИ, ОРИЗАРИ И ВАСИЛЕВО 2003**

**МАЈ 2003**

# СОДРЖИНА

**ПОРАКА ОД ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА** ............ 1

**РЕЧНИК НА ПОИМИ И ТЕРМИНИ** ............ 2

**ИЗБИРАЧКИ ОДБОР** ............ 4
Задача на избирачкиот одбор ............ 4
Состав на избирачкиот одбор (членови 10, 11) ............ 4
Должности на избирачкиот одбор (член 10 ст. 5) ............ 5
Одлучување на избирачкиот одбор ............ 6
Неколку забелешки во врска со решавањето на несогласувањата ............ 6

**ЛИЦА КОИ МОЖЕ ДА ЈА НАБЉУДУВААТ РАБОТАТА НА ИЗБИРАЧКИОТ ОДБОР (ЧЛЕНОВИ 11 И 70)** ............ 7
**ДЕН ПРЕД ИЗБОРИТЕ** ............ 9
Примање/обезбедување на изборните материјали (член 43 ст..1) ............ 9
Доверливи материјали ............ 9
Недоверливи материјали ............ 10
Проверка на гласачките ливчиња (член 43 ст. 2) ............ 10
Уредување на гласачкото место (член 46) ............ 11
Последни подготовки ............ 13
Избирачи кои не се во можност да гласаат во нивните гласачки места (членови 49 и 50) ............ 14

**ДЕН НА ИЗБОРИ** ............ 16
Пред отварањето на гласачкото место (член 46) ............ 16
Отварање на гласачкото место (член 46) ............ 17
Постапки за гласање (член 45) ............ 17
Фаза 1 - Проверка дали избирачот претходно гласал и дали се наоѓа на соодветното гласачко место ............ 17
Фаза 2 - Давање на гласачко ливче на избирачот и објаснување како да се заокружи ливчето за да биде важечко ............ 19
Фаза 3 - Обележување на десниот палец на избирачот ............ 20
Фаза 4 - Гласање зад гласачките паравани ............ 20
Фаза 5 - Ставање на гласачкото ливче во гласачката кутија ............ 21
Одржување на редот на гласачкото место (членови 46-а и 47) ............ 21
Избирачи на кои им е потребна помош (член 49-а) ............ 22
Фамилијарно и гласање во име на друг (чл. 2,4) ............ 23
Затварање на гласачкото место (член 52) ............ 24

**ПРЕБРОЈУВАЊЕ НА ГЛАСОВИТЕ** ............ 25
Порамнување на гласачките ливчиња ............ 25
Отварање на гласачката кутија ............ 25
Броење на гласовите (член 58) ............ 25
Утврдување на резултатите од гласањето (член 52) ............ 27
Пакување на материјалите за доставување до ОИК ............ 27
Доставување на изборниот материјал до ОИК ............ 28

**ПОВРЕДА НА ДОЛЖНОСТА ОД СТРАНА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ИЗБИРАЧКИ ОДБОР (КРИВИЧЕН ЗАКОНИК)** ............ 29

**ЗАКЛУЧОК** ............ 31

ДОДАТОК А - Значајни закони за членовите на избирачкиот одбор. А-1

ДОДАТОК Б - Листа за проверка на пакетот со изборен материјал ....... Б-1

ДОДАТОК В - (Обрасци од ДИК) ............ В-1

# ПОРАКА ОД ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Како член на избирачкиот одбор, вие имате важна улога во спроведувањето на слободни и фер избори во земјата. Државната изборна комисија (ДИК) на Република Македонија, убедена е дека сите избирачи со право на глас ќе се здобијат со позитивно искуство при гласањето. Сигурни сме дека влијаете изборите да поминат слободно и согласно со законот. Ви благодариме на вашата желба да ја преземете оваа задача. Со тоа ѝ помагате на земјата да воспостави вистинска демократија.

Овој прирачник е подготвен со цел да Ви послужи како практично помагало за спроведување на изборите согласно со Законот за локалните избори и Законот за изменување и дополнување на Законот за локалните избори. Важно е внимателно да го прочитате прирачникот и да ги следите постапките како што се дадени. Прирачникот е напишан на едноставен јазик, а во прилог се дадени законите кои се однесуваат на изборната постапка. Доколку сакате можете да го прочитате и самиот изборен закон. Бидејќи наша цел е да подготвиме корисни прирачници за изборните постапки, ДИК се надева дека своите мислења или сугестии за овој прирачник ќе ги доставите на членовите на Општинската изборна комисија и ДИК.

Како член на избирачкиот одбор, од Вас ќе се очекува тесна соработка со останатите членови на одборот и со Општинската изборна комисија, која е одговорна за подготвување и спроведување на изборите во вашата општина.

Уште еднаш Ви се заблагодаруваме за вашата определба за слободни и фер избори. Се надеваме дека овие избори ќе бидат најдобро спроведени избори за избор на градоначалник во Вашата општина.

**Со среќа!**

Мирјана Лазарова-Трајковска
Претседател на Државната изборна комисија

# РЕЧНИК НА ПОИМИ И ТЕРМИНИ

**Избирачко место** - Населено место или дел од населено место, во кое граѓаните од тоа подрачје со право на глас го остваруваат своето избирачко право.

**Гласачко место** - Место каде избирачите гласаат на денот на изборите.

**Гласачка кутија** - Полупровидна пластична кутија во која избирачите ги ставаат гласачките ливчиња по гласањето.

**Гласачки параван** - Картон кој му овозможува тајност на гласачот при обележување на гласачкото ливче. Паравапот мора да биде поставен видно пред членовите на избирачкиот одбор за да се види во секој момент дека само еден избирач е зад паравапот.

**Графитно перниче** - Мало перниче за отпечатоци кое се користи за неписмени избирачи кои наместо да се потпишат оставаат отпечаток од показалецот до своето име на избирачкиот список.

**Невидливо мастило (спреј)** - Мастило во вид на спреј кое се нанесува и останува на палецот на десната рака на избирачот, најмалку до завршување на изборите.

**Ултравиолетова ламба (УВ)** - Ламба чија светлина го прави видливо невидливото мастило нанесено со спреј на палецот на избирачот.

**Избирачки одбор** - Орган за спроведување на изборите кој непосредно раководи со гласањето на секое гласачко место.

**Општинска изборна комисија (ОИК)** - Изборна комисија надлежна за законито спроведување на изборите во општината за која е формирана.

**Државна изборна комисија (ДИК)** - Државната изборна комисија е одговорна за спроведување на изборите во целата земја.

**Коалиција** - Две или повеќе политички партии кои поднеле заедничка листа на кандидат за градоначалник.

**Подносител на листа на кандидат** - Под овој поим се подразбира политичка партија, коалиција или група на избирачи кои поднесуваат свој кандидат за градоначалник.

**Листа на кандидат за градоначалник**- Листата на кандидат поднесена од политичка партија, коалиција или група на избирачи за избор на градоначалник.

**Овластен претставник** - Лице овластено од подносителот на листа на кандидат кое ќе ја следи работата на избирачкиот одбор.

**Набљудувач** - Лице од меѓународна или домашна набљудувачка организација овластено од ДИК да ги следи изборите.

**Лична карта** - Еден од двата документи кој може да се користи за потврдување на идентитетот на избирачот, пред да му се даде гласачко ливче.

**Патна исправа** - Еден од двата документи кој може да се користи за потврдување на идентитетот на избирачот, пред да му се даде гласачко ливче.

**Непристрасност** - Под овој поим се подразбира отсуство на било каква партиско-политичка активност од страна на членовите на избирачкиот одбор на денот на изборите или пак за време на исполнувањето на нивните должности поврзани со изборите.

**Блок со гласачки ливчиња** - Во еден блок се поврзани 100 или помалку гласачки ливчиња. Секој избирачки одбор ќе добие онолку гласачки ливчиња колку што има избирачи на изводот од Избирачкиот список за тој одбор.

**Кочан** - Мал дел од блокот со гласачки ливчиња кој останува откако ќе се откине гласачкото ливче. Секој кочан има единствен сериски број. Кочанот останува прикачен за блокот со гласачките ливчиња кои останале неупотребени.

**Гласачко ливче** - Лист хартија со имиња на различни подносители на листа на кандидат за градоначалник кое го користи избирачот за да ја изрази својата волја на овие избори. Гласачкото ливче има неколку видливи и невидливи заштитни карактеристики кои спречуваат фалсификување.

**Важечко гласачко ливче** - Гласачко ливче на кое избирачот го заокружил редниот број на кандидатот за градоначалник за кој одлучил да гласа. Постојат исклучоци кога гласачкото ливче е важечко во случај кога гласачот укажал на јасен и недвосмислен начин за кого гласал.

**Записник** - Документ на пропишан образец од ДИК за сите активности на избирачкиот одбор.

**Дневник за евиденција на настани** - Нотес во кој се води евиденција на работата на избирачкиот одбор. Евиденцијата од нотесот може да се користи при составување на записникот на избирачкиот одбор на образец пропишан од ДИК.

**ЗЛИ** - Кратенка за Закон за локалните избори.

**ЗИДЗЛИ** - Кратенка за Закон за изменување и дополнување на Законот за локалните избори.

# ИЗБИРАЧКИ ОДБОР

### *Задача на избирачкиот одбор*

Секој избирачки одбор е формиран за спроведување на изборите со цел тие да бидат слободни, фер и да се обезбеди тајност на гласањето за сите избирачи со право на глас во нивното избирачко место.

### *Состав на избирачкиот одбор (членови 10, 11)*

Избирачкиот одбор е составен од претседател и двајца членови кои имаат заменици. Општинската изборна комисија го именува претседателот на избирачкиот одбор и неговиот заменик. Политичките партии на власт предлагаат еден член и негов заменик, а другиот член и неговиот заменик се предлагаат од политичките партии во опозиција.

Секој предлагач на листа на кандидат за градоначалник може да определи по еден претставник и негов заменик кои имаат право да присуствуваат во работата на Општинската изборна комисија и избирачкиот одбор и тоа од започнувањето на изборите сè до утврдувањето и објавувањето на резултатите од изборите.



**членови на избирачкиот одбор на работното место**

## *Должности на избирачкиот одбор (член 10 ст. 5)*

Членовите на избирачкиот одбор се должни да ги исполнуваат своите должности совесно, одговорно, законито и на начин кој влева доверба кај избирачите во изборниот процес. Важно е избирачите да знаат дека нивниот глас ќе биде даден на слободен и фер начин кој ја гарантира тајноста на гласањето и дека пребројувањето ќе ја одрази нивната волја.

За да се изгради доверба во изборниот систем, важно е членовите на избирачкиот одбор да:

- работат чесно и непристрасно по највисоки стандарди на интегритет и транспарентност и со почит кон тајноста на гласањето.
- бидат љубезни и од помош во текот на гласањето и да се однесуваат подеднакво кон сите избирачи, овластени претставници, набљудувачи и новинари

На денот на изборите, членовите на избирачките одбори не смеат да носат симболи или користат маици, капи, часовници, значки, моливи, пенкала или бои со кои се поддржува некоја политичка партија.

Главно, избирачките одбори се надлежни за:

1. Примањето на изборните материјали и поставување во гласачкото место еден ден пред започнување на изборите.
2. Непосредно раководат со гласањето на гласачкото место на денот на изборите од 07:00 до 19:00; на начин кој обезбедува законито, тајно и слободно гласање.
3. Пребројување и утврдување на резултатите од гласањето по затворање на гласачкото место.
4. Објавување на утврдените резултати во гласачкото место и доставување на резултатите и изборниот материјал до Општинската изборна комисија во рок од пет часа по завршување на гласањето.

Избирачкиот одбор исто така мора да води записник на образец пропишан од ДИК за својата работа и да го достави со останатиот изборен материјал до ОИК. Записникот е дел од официјалната документација на избирачкиот одбор. Избирачкиот одбор сите свои работи ги внесува во записник.

Исто така, избирачкиот одбор се грижи за редот на гласачкото место. Во случај на било какви нарушувања на редот на гласачкото место, одборот може да ја повика полицијата за да го воспостави редот.

## *Одлучување на избирачкиот одбор*

Избирачкиот одбор одлучува со мнозинство од вкупниот број на членови. Изборниот процес и процедура, во текот на целиот изборен ден, се отворени за сите членови на избирачкиот одбор, сите овластени претставници и сите акредитирани домашни и меѓународни набљудувачи од ДИК. Секоја одлука треба да се забележи во записникот и да биде проследена со мислење од оние членови кои се во малцинство, ако тие така сакаат.

## *Неколку забелешки во врска со решавањето на несогласувањата*

Несогласувањата на денот на изборите се веројатно неизбежни, но лутината, бесот, навредите и обвинувањата сигурно можат да се избегнат. Оправданите несогласувања можат да бидат продуктивни. Тие може да ги откријат вистинските проблеми кои потоа полесно ќе се решат. Од друга страна, тие може да претставуваат проблем кога ги намалуваат довербата, работниот елан, доведуваат до поголеми несогласувања и предизвикуваат непримерно однесување.

Но, ако се постапи ефикасно, несогласувањата може праведно да се решат во полза на сите учесници. Ефикасното решавање значи промовирање на компромисот преку усогласување (хармонизирање) на работата и пронаоѓање решенија.

Клучот за решавање на несогласувањето гласи:

> ***Немој да се расправаш - реши го проблемот.***
> ***Насочи се кон работата, а не кон бесот.***

Ако на денот на изборите има несогласување меѓу членовите на избирачкиот одбор, обидете се да ги примените следните правила:

1. Осврнете се на конкретното прашање.
2. Зборувајте конкретно. Избегнувајте општи и нејасни зборови.
3. Слушајте на ефикасен начин. Секој нека го слушне другиот без предрасуди или предубедувања.
4. „Нападнете" го проблемот, а не поединецот.
5. Треба да ви е јасно што гледате, како судите и како реагирате кон луѓето и ситуациите.
6. Гледајте пред себе (можност), а не зад себе (обвинување).
7. Пренасочете се од оправдување на вашиот став кон решавање на несогласувањето.
8. Анализирајте ја ситуацијата и обидете се да ја разгледате од различни страни. Почитувајте го туѓото мислење.
9. Одредете ги моментите каде што може да постигнете компромис, а не барање. Најдете, "зрно вистина" во ставот на соговорникот кое ќе послужи како основа.
10. Бидете отворен и дадете сé од себе да реагирате позитивно.

# *ЛИЦА КОИ МОЖЕ ДА ЈА НАБЉУДУВААТ РАБОТАТА НА ИЗБИРАЧКИОТ ОДБОР (ЧЛЕНОВИ 11 И 70)*

Има три вида лица кои може да ја набљудуваат работата на избирачкиот одбор:

1. **Овластени претставници на подносители на листа на кандидат за градоначалник**

Овие лица се претставници на подносителите на листа на кандидат за градоначалник. Дури и кога подносителите на листа на кандидат имаат член во избирачкиот одбор, може да имаат уште едно лице на гласачкото место кое ќе ја следи работата на избирачкиот одбор. За разлика од останатите кои само ја набљудуваат работата на избирачкиот одбор на денот на изборите, овластените претставници можат да вложат забелешка за постапките на избирачкиот одбор, а забелешката да се внесе во записникот на избирачкиот одбор.

Предлагачите на листа на кандидат за градоначалник им издаваат овластување на претставниците на подносителите на листа на кандидат и за тоа ја известуваат изборната комисија и̓ избирачкиот одбор. Ова овластување, овластените претставници на подносителите на листа на кандидат мора да го покажат заедно со документот за идентификација кога ќе дојдат да ја следат работата на избирачкиот одбор.



**на лицата кои ќе ги надгледуваат изборите треба да им се овозможи јасно да ги надгледуваат сите изборни постапки**

## 2. Набљудувачи

Набљудувачите се лица од организации како што се:

- регистрирани домашни или странски здруженија на граѓани во Република Македонија
- меѓународни организации и асоцијации

Набљудувачите може да го следат изборниот процес откако ќе добијат полномошно од ДИК. По поднесување на барањето, ДИК ќе издаде полномошно за лицата и организациите кои се наведени погоре. Ова овластување е документ што секое лице мора да го покаже заедно со документот за идентификација кога доаѓа да ја следи работата на избирачкиот одбор. Барањата за статус на набљудувач мора да се поднесат најдоцна десет дена пред денот на изборите.

## 3. Новинари

На новинарите од акредитираните медиуми, им е дозволено да ја следат работата на избирачкиот одбор, под услов да не се мешаат во неговата работа. За да можат да влезат на гласачкото место, новинарите мора да покажат документи за идентификација од нивната организација на избирачкиот одбор. Ним не им е потребно друго овластување.

Оние кои имаат полномошно може да ги набљудуваат сите аспекти на подготовките и изведувањето на изборите. Тие се должни:

1. Да го почитуваат Законот за локалните избори и Законот за изменување и дополнување на Законот за локалните избори и упатствата на ДИК кои се однесуваат на набљудувањето на изборите.
2. Да го почитуваат кодексот за однесување на набљудувачите.
3. Да се легитимираат со полномошното и личниот документ за идентификација.
4. Да не се мешаат во активностите на избирачкиот одбор.

Како што беше погоре истакнато, членовите на избирачкиот одбор се должни да бидат љубезни кон сите кои ја набљудуваат нивната работа и да им обезбедат места за седење во гласачкото место од каде ќе можат непречено да ги следат активностите. Но, ако има овластен претставник, набљудувач или новинар кој ја попречува работата или ги загрозува упатствата на ДИК, избирачкиот одбор има право да побара од тоа лице да го напушти гласачкото место. Ако тој не замине, одборот треба да повика полиција која ќе го отстрани од гласачкото место. Секое вакво отстранување мора да се забележи во записникот и дневникот на избирачкиот одбор.

# ДЕН ПРЕД ИЗБОРИТЕ

## *Примање/обезбедување на изборните материјали (член 43 ст. 1)*

Општинската изборна комисија ќе го достави изборниот материјал до избирачкиот одбор еден ден пред денот определен за одржување на изборите.

Избирачкиот одбор и полицијата се должни да го стават изборниот материјал на сигурно место.

Секој избирачки одбор треба да добие изборен материјал, кој се состои од:

### Доверливи материјали

- блок со гласачки ливчиња (види подолу)
- потврден извод од избирачки список за гласачкото место
- гласачка кутија
- дневник за евиденција на настани во гласачкото место
- ултра виолетово (УВ) мастило во вид на спреј за обележување
- две УВ ламби за идентификување на УВ мастило
- следните обрасци на ДИК:

| | |
|---|---|
| Образец бр. 13 | Записник за предавање- преземање на изборниот материјал од изборната комисија на избирачкиот одбор |
| Образец бр. 14 | Записник за прегледување на просторијата за гласање, изборниот материјал и гласачките кутии |
| Образец бр. 15 | Записник заутврдување на резултатите од гласањето на избирачкото место |
| Образец бр. 16 | Записник за доставување на записникот за утврдените резултати од гласањето и другиот изборен материјал |
| Образец бр. 17 | Записник за работата на изборната комисија |

И ако ѐ потребно следните обрасци:

| | |
|---|---|
| Образец бр. 20 | Посебен записник за гласање на избирачи кои на денот на гласањето се на отслужување на воен рок или вежба во воена единица, установа или организација |
| Образец бр. 21 | Посебен записник за гласање на избирачи кои на денот на гласањето се на издржување на казна затвор или притвор |

## Недоверливи материјали

- гласачки паравани
- листа на кандидати за градоначалници
- четири АА батерии за УВ ламба
- нумерирани сигурносни пластични ленти за запечатување на гласачката кутија и вреќи за транспорт на материјалите
- три непробојни плика за пакување на искористените гласачки ливчиња (важечки и неважечки), неискористените гласачки ливчиња, кочаните и избирачкиот список.
- една проѕирна пластична вреќа за транспорт на доверливиот материјал
- една пластична вреќа за транспорт на недоверливиот материјал.
- налепници за означување на вреќата.
- друг недоверлив материјал во кој спаѓаат 24 пенкала, 2 маркери, кутија спајалици, кутија притискачи, лењир, хефталица, ножици (за сечење на нумерираните сигурносни пластични ленти), конец, 2 ролни самолеплива лента, беџови за членовите од избирачките одбори, и знаци на кои пишува „Забрането пушење" и „Забрането носење оружје" и различите задачи на членовите на одборот.
- прирачник за членовите на избирачкиот одбор
- постери за едукација на избирачите подготвени од ДИК

Списокот на материјали ќе биде детализиран на листата за проверка на изборниот пакет. Листата е вклучена во Прилогот Б и заедно со изборните материјали ќе се достави до и од ОИК.

### *Проверка на гласачките ливчиња (член 43 ст. 2)*

Членовите на избирачкиот одбор треба детално да ги проверат гласачките ливчиња. Прво уверете се дека го имате точниот број на гласачки ливчиња.. Секој избирачки одбор ќе добие блок со онолку гласачки ливчиња колку што има избирачи на избирачкиот список за тоа гласачко место. На пример, ако на избирачкиот список има 535 избирачи, тогаш треба да добиете 535 гласачки ливчиња (5 блока со 100 гласачки ливчиња и 1 блок со 35).

Гласачките ливчиња се споени во блок од по 100 гласачки ливчиња. Блокот ќе има кочан кој ќе остане на блокот по отстранувањето на гласачкото ливче од блокот. На кочанот мора да има сериски број. Сериските броеви на кочанот на блокот ќе бидат наредени по редослед. На овој начин броењето на гласачките ливчиња ќе биде поедноставно. На пример, ако серискиот број на првото ливче е 1.501, а на последното 2.035, тогаш имате 535 гласачки ливчиња (2.035-1.501+1).

Второ, научете ги видливите заштитни карактериситики на гласачките ливчиња.

- серискиот број на кочанот од блокот со гласачки ливчиња и фактот дека гласачкото ливче треба да биде откинато од кочанот од блокот е една видлива заштитна карактеристика.

- покрај тоа, ако гласачкото ливче го погледнете на светло (при тоа треба да внимавате да не го откинете ливчето од блокот) ќе го забележите водниот жиг кој се наоѓа на хартијата.

Исто така, има и невидливи заштитни карактеристики со кои е невозможно да се фалсификуваат гласачките ливчиња.



**гласачкото ливче се откинува од кочанот**

- гласачкото ливче има многу мали букви наречени, "микро букви" кои се гледаат само под лупа. Ако се обидете да го ископирате гласачкото ливче, тогаш микро буквите ќе се појават како полна линија.

- гласачкото ливче исто така има УВ влакна кои се видливи само со УВ ламба.

Постојат и други заштитни карактеристики кои во комбинација со видливите и невидливите карактеристики го прават гласачко ливче безбедно.

## *Уредување на гласачкото место (член 46)*

Една од првите задачи е да се отстранат сите пропагандни материјали, известија и друг изборен материјал во радиус од 100 метри од гласачкото место. Членовите на избирачкоит одбор треба да ја обиколат околината на гласачкото место за да се уверат дека сите изборни постери, летоци и сл. се отстранети.

Потоа, членовите на избирачкиот одбор треба да го уредат гласачкото место на начин со кој ќе се обезбеди лесно и непрекинато спроведување на гласањето. Прва задача е да се постави знакот за гласачкото место надвор за избирачите да знаат каде се наоѓа гласачкото место. Втора задача е да се постави постерот за едукација на избирачите за процесот на гласање, на место кое ќе им овозможи на сите новодојдени избирачи да го прочитаат. ДИК препорачува избирачкиот одбор да намести маси или клупи за да се реализираат петте различни фази во процесот на гласање.

**Забелешка:** Пред да се започне со процесот на гласање, најмалку четири лица (членови на избирачкиот одбор или нивни заменици), од вкупно шест, е потребно да бидат постојано присутни на гласачкото место за да може гласањето да се одвива непречено.

**Фаза 1** е кога се проверува дали избирачот претходно гласал. Притоа се користи УВ ламабата за да се провери дали има траги од мастило на десниот палец на избирачот. Во оваа фаза, избирачот исто така ги покажува своите документи за идентификација (лична карта или патна исправа) и го потпишува Избирачкиот список. Затоа, треба да имате пенкала и графитни перничиња (за неписмените). За оваа фаза на гласањето треба да бидат одговорни двајца членови на избирачкиот одбор.

**Фаза 2** е кога на избирачот му се дава гласачко ливче и еден член на избирачкиот одбор му објаснува како да го заокружи гласачкото ливче за да биде важечко. Оваа задача треба да му се додели на еден член на избирачкиот одбор.

**Фаза 3** е кога се нанесува мастило на десниот палец на избирачот и му се овозможува да гласа. Оваа улога може да му биде доделена на еден член на избирачкиот одбор.

**Фаза 4** е кога избирачот оди зад гласачкиот параван да го заокружи гласачкото ливче. Гласачките паравани треба да бидат поставени на растојание кое ќе им овозможи на избирачите да гласаат сами, лично и тајно. Образецот со упатството за гласање треба да биде поставен во внатрешноста на секој гласачки параван. Еден член на избирачкиот одбор треба да биде задолжен да проверува дали некој од избирачите оставил пропагандни материјали во гласачките паравани.

**Фаза 5** е кога избирачот го става гласачкото ливче во гласачката кутија. Гласачката кутија треба да биде поставена за да можат да ја видат сите членови на избирачкиот одбор и набљудувачите. Еден член на избирачкиот одбор треба да биде поставен до гласачката кутија за да се осигура дека избирачите го преклопиле гласачкото ливче пред да го стават во гласачката кутија со што ќе се зачува тајноста на нивниот глас.



**гласачкото место се уредува на начин на кој избирачите лесно ќе може да се движат во него**

**Напомена:** Доколку има потреба, некои избирачки одбори ќе добијат и две гласачки кутии.

Исто така треба да се определи место кај што ќе седат набљудувачите. Тоа место треба да биде удобно и да овозможува да се следат сите активности во текот на гласањето.

## *Последни подготовки*

Пред да заминете од гласачкото место, уште еднаш проверете дали гласачкото место е уредено на начин кој ќе овозможи непрекинато спроведување на гласањето. Дали се поставени сите пет фази во гласачкото место? Дали има потреба од дополнителни материјали?

Ова е исто така момент да се одржи состанок и да се провери дали секој од членовите на избирачкиот одбор е доволно запознаен со своите обврски за денот изборите. Членовите на избирачкиот одбор треба да одлучат кој ќе биде одговорен за секоја од петте фази во постапката на гласање и уверете се дека секој член ги разбира сите обврски за секоја фаза. Иако вообичено претседателот ги издава гласачките ливчиња, било кој член може да го проверува палецот на избирачот за да се утврди дали претходно гласал, било кој член може да става спреј на палецот на избирачот и да проверува дали гласачките ливчиња се правилно преклопени и ставени во гласачката кутија. Едно лице треба да биде назначено да го води зписникот на избирачкиот одбор, така што работата на избирачкиот одбор ќе биде евидентирана во доставениот записник и Дневник.

Исто така, искористете ја можноста да размислите за проблемите кои можат да се јават на денот на изборите. Членовите на избирачкиот одбор треба да се сретнат со полицијата надлежна за безбедност во случај на проблеми. Треба да се испланира во кои случаи ќе се повикува полицијата и како ќе се контактира со неа.

На крај, сите доверливи материјали ставете ги во големата проѕирна пластична вреќа за доставување на доверливи материјали, затворете ја, запечатете ја вреќата со нумерирана сигурносна пластична лента. Внесете го бројот на нумерираната сигурносна пластична лента во Дневникот. Во присуство на полицијата затворете ги прозорите и вратата. Планирањето за справување со можните проблеми пред тие да се случат, може да помогне за полесно спроведување на гласањето.

Не заборавајте добро да се одморите. Секој од членовите на избирачкиот одбор ќе има долг ден на денот на изборите.

## *Избирачи кои не се во можност да гласаат во нивните гласачки места (членови 49 и 50)*

Неколку избирачки одбори ќе имаат дополнителни обврски еден ден пред денот на изборите. Тука спаѓа гласањето на избирачите кои не се во можност да гласаат во нивните гласачки места. Постојат три групи на избирачи кои гласаат еден ден пред денот на изборите.

**Во првата група** спаѓаат оние избирачи кои се болни и се наоѓаат во болница или дома и не можат да појдат во своето гласачко место. ОИК ќе му достави листа на болни лица на избирачкиот одбор. Само лицата кои се наоѓаат на листата ќе можат да гласаат еден ден пред денот на изборите. Избирачкиот одбор мора да отиде во болницата или во домот на овие лица за да им овозможи да гласаат.



**болните и изнемоштените лица гласаат еден ден пред денот на изборите**

**Во втората група** спаѓаат избирачите кои се во затвор или притвор. Повторно, избирачкиот одбор надлежен за гласачкото место кое е најблиску до затворот или притворот мора да постави привремено гласачко место во затворот или во притворот.

Постапката за гласање на овие две групи (избирачите кои се болни дома или во болница и оние во затвор, притвор) во основа е иста. За болните кои се во своите домови или во болница, или за оние во затвор избирачкиот одбор работи се додека сите кои се на листата не добијат можност да гласаат.

**По гласањето, гласовите од гласањето на денот пред изборите не се пребројуваат.**

ДИК подготви посебни упатства за доставувањето и пребројувањето на гласачките ливчиња од гласањето во затвор или во болница и за гласањето на болните дома и ќе ги достави до избирачките одбори.

# ДЕН НА ИЗБОРИ

## *Пред отварањето на гласачкото место (член 46)*

Членовите на избирачкиот одбор се собираат во просторијата за гласање најдоцна еден час пред почетокот на гласањето за да се осигураат дека сé е наместено и спремно. Тоа значи дека членовите на избирачкиот одбор треба да бидат во просторијата за гласање во 6:00 часот.

Прво, во присуство на полицијата (ако е можно), проверете ја вратата за да се осигурате дека таа не е отворена или насила отворана. Доколку се е во ред, вратата се отвара и сите членови на избирачкиот одбор, преставници и набљудувачи можат да влезат.

Пред започнувањето на гласањето, треба да се почитува следнава процедура:

- покажете им ја празната гласачка кутија на сите членови на избирачкиот одбор и присутните овластени претставници на подносители на листа на кандидат за градоначалник, набљудувачи и присутни новинари
- на сите присутни покажете им ги броевите на двете нумерирани сигурносни пластични ленти што ќе се користат за запечатување на гласачката кутија
- внесете ги броевите на нумерираните сигурносни пластични ленти во Дневникот и во горниот десен агол на записникот од избирачкиот одбор (образец бр. 14 на ДИК)
- протнете ги нумерираните сигурносни пластични ленти низ страничните дупки од капакот на самата гласачка кутија и цврсто повлечете за да се заклучат
- на налепницата напишете го местото на општината и бројот на гласачкото место и залепете ја на една од страните на гласачката кутија



**запечатете ја гласачката кутија со сигурносна пластична лента**

Покажете им го записникот на сите членови на избирачкиот одбор, на овластените претставници на подносители на листа на кандидат за градоначалник, набљудувачите и новинарите за да се осигурате дека сите се согласуваат дека во записникот се внесени броевите на нумерираните сигурносни пластични ленти. Ова се прави за секој да може да види дали гласачката кутија била предмет на манипулации.

Откако ќе се запечати гласачката кутија на членовите на избирачкиот одбор, на овластените претставници на подносители на листа на кандидат за градоначалник на набљудувачите и на новинарите им се покажува изводот од Избирачкиот список.

## *Отварање на гласачкото место (член 46)*

Во 7:00 часот објавете го отварањето на гласачкото место и поканете ги избирачите да влезат. Времето на отварањето на гласачкото место треба да се внесе во записникот. Гласањето ќе се одвива без прекин до 19:00, освен ако гласањето на сите избирачи на изводот од Избирачкиот список не завршило пред 19:00 часот. Членот на избирачкиот одбор одговорен за записникот исто така во Дневникот треба да го внесува времето кога членовите на избирачкиот одбор влегуваат и го напуштаат гласачкото место во текот на денот. Овластените претставници на подносителите на листа на кандидат за градоначалник не смеат да користат извод од избирачкиот список за контрола на избирачите.

## *Постапки за гласање (член 45)*

Како што е укажано погоре, ДИК препорачува секој избирачки одбор јасно да ги оддели петте фази за гласање во гласачкото место. Постапките за секоја фаза се наброени поддолу.

### Фаза 1 - Проверка дали избирачот претходно гласал и дали се наоѓа на соодветното гласачко место

Откако избирачот ќе влезе во гласачкото место, првото лице со кое се сретнува е членот на избирачкиот одбор кој што треба да го провери палецот од десната рака на секој избирач за да провери дали претходно гласал. УВ ламбата се вклучува и со неа се поминува преку целиот десен палец за да се провери дали избирачот има мастило. Доколку на палецот има мастило, на избирачот не му се дозволува да гласа и се замолува да го напушти гласачкото место.

Ако на палецот нема мастило, избирачот се замолува да ги покаже документите за утврдување на неговиот личен идентитет. Избирачите можат да го докажат својот личен идентитет со еден од следниве два документи:

1. лична карта
2. македонска патна исправа

По утврдувањето на идентитетот на избирачот, се проверува избирачкиот список за да се утврди дали тој се наоѓа на него.



**со УВ ламбата осигурајте се дека на десниот палец нема траги од спреј**

- **доколку избирачот се наоѓа на изводот од Избирачкиот список**, тогаш заокружете го редниот број веднаш до неговото име и дајте му да се потпише до неговото име. Доколку избирачот не може да се потпише, тогаш тој ќе стави отпечаток од десниот показалец на местото резервирано за потпис. За оваа цел се користи графитно перниче.

Задржете ја личната карта или патната исправа на избирачот и објаснете му дека ќе му се врати по гласањето.

- **доколку избирачот не се наоѓа на Избирачкиот список**, тогаш тој нема да може да гласа на тоа гласачко место. Има две работи кои избирачкиот одбор може да ги направи за да му помогне на избирачот да го најде своето гласачко место.

**Прво**, ќе прашате дали избирачот доаѓа од друга општина во земјата. Можеби живее во едно место, но живеалиштето му се наоѓа во друго место. Доколку живеалиштето му се наоѓа на друго место, во тој случај најверојатно ќе треба да гласа на неговото поранешно гласачко место во општината каде што се наоѓа неговото живеалиште.

**Второ**, доколку избирачот е сигурен дека има живеалиште во општината каде што се наоѓа гласачкото место, тогаш ќе го посоветувате да се јави во подрачната единица на Министерството за правда за да види на кое гласачко место ќе треба да гласа.

Доколку овластен претставник на подносител на листа на кандидат за градоначалник или член на избирачкиот одбор се сомневаат во идентитетот на избирачот на кој му е дадено гласачко ливче, прибележете го инцидентот во Дневникот за евиденција на настани. Приговорот треба да ги содржи следниве податоци:

- име и својство на лицето кое приговара
- причини за приговорот
- име и лични податоци на избирачот
- причини зошто на избирачот му е дадено гласачко ливче

## Фаза 2 - Давање на гласачко ливче на избирачот и објаснување како да се заокружи ливчето за да биде важечко

По утврдување на идентитетот на избирачот и правото на глас му се дава гласачко ливче. Пред да започне следната фаза битно е да се осигурате дека избирачот разбрал во што е разликата меѓу важечко и неважечко гласачко ливче. За гласачкото ливче да биде важечко, гласачот мора:

- јасно да го заокружи редниот број кој се наоѓа лево од името на кандидатот за градоначалник.
- само еднаш да го обележи гласачкото ливче.



**информирајте го избирачот како да го означи гласачкото ливче за истото да се смета важечко**

Информирајте го избирачот дека нема да може да добие друго гласачко ливче доколку погреши при гласањето. Избирачот ќе мора да биде внимателен и да се осигура дека неговото гласачко ливче точно гò одразува неговиот избор.

Исто така информирајте го избирачот дека по гласањето треба да го преклопи гласачкото ливче за да се зачува тајноста.

## Фаза 3 - Обележување на десниот палец на избирачот

Откако на избирачот ќе му се даде гласачко ливче, на неговиот десен палец се става спреј од УВ мастило. За правилно да го обележите палецот со мастило, испрскајте го мастилото врз ноктот на десниот палец. Осигурајте се дека мастилото е испрскано и врз ноктот и врз дел од кожата.



**испрскајте го мастилото врз ноктот и врз дел од кожата**

## Фаза 4 - Гласање зад гласачките паравани

Избирачот се упатува кон гласачките паравани за да го обележи гласачкото ливче. Осигурајте се дека има доволно простор и услови за тајно гласање. Еден од членовите на избирачкиот одбор ќе се погрижи за тоа да има само едно лице позади гласачкиот параван, освен во случаите кога на гласачот му е потребна помош (види подолу во текстот). Еден од членовите на избирачкиот одбор исто така ќе треба да ги проверува гласачките паравани од време на време за да се осигура дека никој од избирачите нема оставено пропаганден материјал или забелешки со името на некој од подносителите на листи на кандидат.



**избирачот гласа тајно зад гласачкиот параван**

## Фаза 5 - Ставање на гласачкото ливче во гласачката кутија

Гласачката кутија треба да биде ставена на место кое што овозможува потполна прегледност за сите членови на избирачкиот одбор и набљудувачите. Избирачите ги ставаат своите гласачки ливчиња во гласачката кутијата. Еден од членовите на избирачкиот одбор треба да биде во близина за да се осигура дека избирачите ги ставаат своите гласачки ливчиња превиткани во гласачката кутија за да се осигура тајноста на нивното гласање. По завршеното гласање, еден од членовите на избирачкиот одбор ја враќа личната карта или патната исправа.



**избирачот мора да го преклопи гласачкото ливче за истото да го собере во гласачката кутија**

## *Оддржување на редот на гласачкото место (членови 46-а и 47)*

Избирачкиот одбор се грижи за оддржување на редот и мирот на гласачкото место. Тој треба да има план во случај на нарушување на редот и мирот на гласачкото место. Пред објектот за гласање ќе има полицаец кој ќе може да влезе во објектот во случај редовното гласање да биде загрозено.

Доколку редот и мирот на гласачкото место се загрозени, избирачкиот одбор може да го прекине гласањето и да побара помош од полицијата. Инцидентот мора да се внесе во записникот на избирачкиот одбор и претседателот мора веднаш да ја извести ОИК. Кога редот и мирот повторно се воспоставени, претседателот ќе ја замоли полицијата да го напушти гласачкото место и гласањето веднаш ќе продолжи.

Доколку има нарушување на редот и мирот на гласачкото место, избирачкиот одбор може да го прекине гласањето сè додека повторно не се воспостави редот и мирот. Доколку гласањето е прекинато

повеќе од еден час, тоа ќе биде продолжено за онолку часови колку што траел прекинот, но не подолго од три часа. Ако гласањето е прекинато повеќе од три часа, заради нарушување на редот и мирот, гласањето во тоа гласачко место ќе се повтори. Запомнете дека сите нарушувања мора да бидат внесени во записникот.



**полицијата може да биде повикана ако има нарушувања на редот и мирот**

## *Избирачи на кои им е потребна помош (член 49-а)*

Избирач кој поради физички недостаток или неписменост не е во состојба сам да гласа може да добие помош од друго лице за да гласа. И избирачот и лицето кое му помага мора да се присутни за гласањето. Едно лице може да даде помош само на двајца избирачи кои не се во состојба да гласаат.

Доколку избирачот на кој му е потребна помош нема со себе лице да му помогне при гласањето, тогаш избирачкиот одбор може да определи друг избирач да му помогне.

Пред да се гласа, избирачкиот одбор на лицето кое пружа помош на друг гласач ќе му укаже дека со неговата помош не смее да влијае врз одлуката на гласачот. Гласањето на овој начин, избирачкиот одбор го внесува во записникот и Дневникот. Ниту овластен претставник, ниту набљудувач, новинар или пак член на изборна комисија од било кое ниво смее да му помогне на избирачот кој не може сам да гласа. Гласачкото ливче мора да биде обележено зад гласачкиот параван.

## *Фамилијарно и ѓласање во име на друѓ (чл. 2,4)*

Законот забранува фамилијарно гласање и гласање за друг. Тие дела се казниви според закон.

Фамилијарното гласање се однесува на навиката, членови на една фамилија или блиски пријатели заедно да влегуваат зад гласачкиот параван за да се посоветуваат за кого да гласаат. Од голема важност е да им се дозволи на сите членови на фамилијата самите да се определат за кого ќе гласаат и да не бидат присилени од страна на родител или сопружник да гласаат за оваа или онаа партија.



**фамилијарното гласање и гласањето за други лица не е дозволено**

Гласањето за друг претставува пракса преку која му се дозволува на едно лице да гласа за друго лице кое не е присутно на гласачкото место. Лицето може да дојде со личната карта или патна исправа на лицето за кое сака да гласа и да бара гласачко ливче за отсутниот гласач. Доколку гласачот не може да дојде на гласачкото место и не се наоѓа на листата на оние кои што можат да гласаат еден ден пред денот на изборите тогаш тој не смее да гласа. Тоа е толку едноставно.

## *Затварање на гласачкото место (член 52)*

Сите гласачки места се затвараат во 19:00. Во 19:00 претседателот ќе определи еден член на избирачкиот одбор кој ќе застане на крај на редот од избирачи. Кога и последното лице од редот ќе гласа, само следните лица можат да останат на гласачкото место:

1. Членови и заменици на избирачкиот одбор
2. По еден овластен претставник за секој подносител на листа на кандидат за градоначалник
3. Овластени домашни и странски набљудувачи на изборите
4. Новинарите кои се затечени на гласачкото место може да останат под услов да не го напуштаат гласачкото место до завршување на пребројувањето и утврдување на гласовите.

Сега избирачкиот одбор може да почне со утврдување на резултатите од гласањето. Треба да се запамети дека избирачкиот одбор мора навремено да го изврши утврдувањето на резултатите од гласањето, бидејќи резултатите и целиот изборен материјал мора да биде доставен до ОИК во рок од пет часа по завршувањето на гласањето.

# ПРЕБРОЈУВАЊЕ НА ГЛАСОВИТЕ

## *Порамнување на гласачките ливчиња*

Откако и последниот гласач ќе гласа, претседателот на избирачкиот одбор и членовите мора да ги пребројат сите гласачки ливчиња.

1. Треба да се определи бројот на гласачките ливчиња кои што се употребени преку пребројување на неискористените гласачки ливчиња и се одзема овој број од вкупниот број на гласачки ливчиња кои се доставени за тоа гласачко место.

2. Треба да се определи бројот на лицата кои гласале преку пребројување на потписите и отпечатоците од прст во Избирачкиот список и овој број да се внесе во записникот (образец бр. 15 на ДИК и Дневникот) од гласачкото место.

Бројот на употребените гласачки ливчиња треба да е еднаков со бројот на избирачите кои гласале. Доколку овие броеви не се еднакви, избирачкиот одбор треба да го внесе тоа во записникот (образец бр. 15 на ДИК) и да ја информира ОИК.

Неупотребените гласачки ливчиња се пребројуваат и ставаат во непробоен плик на кој се става налепница за неупотребени гласачки ливчиња и потоа се запечатува. Општината и бројот на гласачкото место и вкупниот број на неупотребени гласачки ливчиња се запишуваат на надворешната страна од непробојниот плик.

## *Отварање на гласачката кутија*

Претседателот на избирачкиот одбор мора да провери дали нумерираните сигурносни пластични ленти на кутијата за гласање се исти со оние ставени на кутијата за гласање при отварањето на гласачкото место. Претседателот на избирачкиот одбор мора да утврди и да им покаже на сите присутни дека нумерираните сигурносни пластични ленти на гласачката кутија се истите кои биле ставени на кутијата при отворање на гласачкото место. Доколку, броевите на нумерираните сигурносни пластични ленти се исти, тоа се внесува во записникот и Дневникот. Доколку тие не се исти, гласачката кутија не се отвара, а избирачкиот одбор тоа го внесува во записникот и Дневникот и ја информира ОИК.

## *Броење на гласовите (член 58)*

Со ждрепка се определува членот на избирачкиот одбор кој ќе ги вади гласачките ливчиња од кутијата едно по едно и ќе ги отвара. По определувањето на членот, се применува следнава постапка за пребројување на гласовите:

1. Гласачкото ливче се дава на претседателот на избирачкиот одбор

2. Тој го покажува гласачкото ливче на сите присутни и се одредува дали тоа е важечко или неважечко и за која листа е гласано
3. Гласачкото ливче се става на купчето за таа листа
4. Следното гласачко ливче се вади од гласачката кутија и така натаму
5. Кога сите гласачки ливчиња ќе се сортираат, се пребројуваат гласачките ливчиња од секое купче, а резултатите се внесуваат во Дневникот.



**гласачките ливчиња се вадат едно по едно и се покажуваат на сите присутни лица**

Важечко гласачко ливче е она на кое е заокружен редниот број на кандидатот за градоначалник, како и тоа од кое на сигурен и недвосмислен начин може да се утврди за кого гласал избирачот.
Поточно, гласачкото ливче се смета за неважечко кога:

1. Се гласало за повеќе од еден кандидат
2. Не е јасно за кого е гласано
3. Гласачкото ливче содржи прибелешки од кои може да се утврди идентитетот на избирачот
4. Избирачот оставил други прибелешки или гласал за листа која што не е на гласачкото ливче

Сите неважечки гласачки ливчиња се ставаат во посебен книжен плик на кој пишува „неважечки ливчиња".
Доколку гласачките ливчиња кои се наоѓаат во гласачката кутија не се автентични ливчиња одобрени од ДИК, тогаш тие се ставаат настрана и не се земаат во предвид при пребројувањето. Бројот на неважечки гласачки ливчиња се внесува во записникот и Дневникот.

Доколку гласачкото ливче се смета за неважечко и некој овластен претставник или член на избирачкиот одбор приговори на тоа, избирачкиот одбор гласа и одлучува во врска со овој приговор кој се забележува во записникот. Доколку и понатаму има приговори, секој член или претставник може да го внесе својот приговор во записникот.

По завршување на овие постапки претседателот ги пребројува гласачките ливчиња за секој кандидат и го внесува бројот на гласачките ливчиња во записникот (образец бр. 15 на ДИК). Откако ќе се пребројат сите гласачки ливчиња, тие се ставаат во непробоен плик (за искористени гласачки ливчиња) заедно со книжниот плик кој ги содржи неважечките гласачки ливчиња.

## *Утврдување на резултатите од гласањето (член 52)*

Кога ќе заврши пребројувањето на сите гласачки ливчиња, изборниот резултат за гласачкото место се утврдува. Записникот (образец бр. 15 на ДИК ) се користи за утврдување на гласовите. Следниве податоците се внесуваат во образецот:

- реден број на гласачко место
- почеток и крај на гласањето
- вкупен број на избирачи на избирачкото место согласно изводот од Избирачкиот список
- вкупен број на избирачи кои гласале
- вкупен број на гласачки ливчиња ставени во кутијата за гласање
- вкупен број на гласачки ливчиња кои не се искористиле за гласањето
- вкупен број на неважечки гласачки ливчиња
- вкупен број на гласови за секој кандидат за градоначалник посебно

Секој член на избирачкиот одбор или овластен претставник може да внесе забелешки во записникот на одборот. Овие забелешки ќе бидат внимателно прибележани, бидејќи претставуваат дел од официјалниот записник на избирачкиот одбор и може да бидат употребени во жалбената постапка. Сите членови на избирачкиот одбор го потпишуваат записникот. Записникот се смета за важечки доколку е потпишан од мнозинството членови на избирачкиот одбор. Доколку сите членови не го потпишат записникот, претседателот на избирачкиот одбор ќе укаже на причините поради кои тој не е потпишан од страна на член на одборот.

## *Пакување на материјалите за доставување до ОИК*

Откако записникот ќе се комплетира, се прават копии, а изборниот материјал се пакува за да се достави до ОИК. Секој овластен претставник на подносител на листа на кандидати ќе добие копија од записникот. Покрај тоа, една копија од записникот (образец бр.15 на ДИК) ќе биде истакната надвор од гласачкото место за да се објават резултатите од гласањето.

Во гласачката кутија која се доставува до ОИК се пакува следното:

1. голема проѕирна вреќа за транспорт на доверлив материјал со налепница на која е напишано името на општината и бројот на гласачкото место, во која се ставаат:

   - запечатениот непробоен плик во кој се ставаат важечките и неважечките гласачки ливчиња
   - запечатениот непробоен плик во кој се ставаат неискористените гласачки ливчиња и кочаните
   - запечатениот непробоен плик во кој се ставаат изводот од Избирачкиот список и Дневникот

2. останатиот изборен материјал се става во пластична вреќа за транспорт на материјали и се става во гласачката кутија.

На крај, гласачката кутија повторно се запечатува со две нумерирани сигурносни пластични ленти.

- броевите на нумерираните сигурносни пластични ленти се покажуваат на сите членови на избирачкиот одбор и набљудувачите и се внесуваат во горниот десен агол на записникот за предавање на изборниот материјал до ОИК (образец бр. 16 на ДИК) .

Сите записници на ДИК се ставаат во посебен книжен плик надвор (кој се чува надвор од гласачката кутија) и се доставуваат до ОИК заедно со запечатената гласачка кутија.

Записникот за предавање на изборниот материјал од избирачкиот одбор до ОИК (образец бр. 16 на ДИК), се пополнува во гласачкото место. Овој записник го потпишува претседателот и сите членови на избирачкиот одбор и овластените претставници на подносителите на листа.

## *Доставување на изборниот материјал до ОИК*

Претседателот на избирачкиот одбор и другите заинтересирани членови и овластени претставници на подносителите на листа на кандидат ја доставуваат запечатената избирачка кутија со изборниот материјал до ОИК. Како што беше погоре кажано, изборниот материјал мора да се достави до ОИК во рок од пет часа по завршувањето на гласањето. Доколку избирачкиот одбор смета дека постои потенцијална закана, полицијата може да ги придружува до ОИК.

До ОИК се доставуваат:

1. запечатена гласачка кутија во која се наоѓа целиот изборен материјал

2. плик со записникот за утврдените резултати од гласањето и сите останати записници на избирачкиот одбор (образец бр. 15 на ДИК)

3. ОИК го потпишува записникот со кој се потврдува приемот на изборниот материјал од гласачкото место (образец бр. 16 на ДИК)

Потпишаниот записник (образец бр. 16 на ДИК) потврдува дека избирачкиот одбор правилно ги извршил своите должности.

# ПОВРЕДА НА ДОЛЖНОСТА ОД СТРАНА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ИЗБИРАЧКИ ОДБОР (КРИВИЧЕН ЗАКОНИК)

Кривичниот законик на Република Македонија предвидува осум кривични дела против изборите и гласањето. За поголемиот број на членови на избирачките одбори нема потреба дури ни да се дефинираат овие кривични дела, бидејќи тие дејствуваат професионално и чесно. Сепак, табелава која што следи има цел да ги информира членовите на избирачките одбори кои однесувања нема да бидат толерирани од страна на ДИК или граѓаните на Република Македонија. Текстот на овие членови во целост е прикажан во прилог А.



**примање поткуп е казниво со закон**

**Членови од Кривичниот законик кои се однесуваат на кривични дела против изборите и гласањето**

| Кривично дело | Член од Кривич. законик | Дефиниција | Казна |
|---|---|---|---|
| Спречување на избори и гласање | 158 | Тој кој со употреба на сила, сериозна закана или на друг начин оневозможува или спречува одржување избори или гласање или го оневозможува или спречува утврдувањето или објавувањето на резултатите од гласањето. | Шест месеци до пет години затворска казна. Ако делото е сторено од член на избирачкиот одбор, сторителот ќе се казни со затворска казна од една до десет години. |
| Повреда на избирачкото право | 159 | Член на избирачкиот одбор кој во вршење на својата должност намерно му оневозможува на друг да го оствари своето избирачко право или ќе му овозможи на друг без право на глас да гласа. | Затворска казна до една година, дури и ако обидот е неуспешен. |
| Повреда на слободата на определување на избирачите | 160 | Тој кој со употреба на сила, сериозна закана, измама или на друг начин ќе присили или спречи друг да го оствари или да не го оствари избирачкото право. | Парична казна или затворска казна до една година, дури и ако обидот е неуспешен. |
| Злоупотреба на избирачкото право | 161 | Тој кој ќе гласа во име на друг или ќе гласа повеќе од еднаш. | Парична казна или казна затвор до една година, дури и ако обидот е неуспешен. |
| Поткуп при избори и гласање | 162 | Тој кој на друго лице со избирачко право му нуди, дава или ветува подарок или друга лична корист, со намера да го оствари, да не го оствари или да го оствари избирачкото право во определена смисла. | Парична казна или затворска казна до три години, дури и ако обидот е неуспешен. Ќе се казни и лицето кое ќе бара за себе подарок или друга лична корист. |
| Повреда на тајноста на гласањето | 163 | Тој кој ќе ја повреди тајноста при избори или при гласање. | Парична казна или затворска казна до шест месеци. Ако ова дело го изврши член на избирачки одбор, тој ќе се казни со затворска казна до три години. |
| Уништување на изборни исправи | 164 | Тој кој ќе уништи, прикрие, оштети, преправи или на друг начин ќе ја направи неупотреблива исправата, книгата или документите што се користат за изборите или гласањето. | Парична казна или казна затвор до една година. Ако ова дело го изврши член на избирачки одбор, тој ќе се казни со затворска казна до три години. |
| Изборна измама | 165 | Член на избирачки одбор којшто за време на изборите или гласањето ќе го измени бројот на дадените гласови со додавање или одземање на едно или повеќе гласачки ливчиња при пребројувањето или при објавувањето на резултатите од изборите или од гласањето, со додавање или одземање на еден или повеќе гласови. | Затворска казна од три месеци до пет години. |

# ЗАКЛУЧОК

Овој прирачник има за цел на концизен начин да ги прикаже правилата, обврските и одговорностите на членовите на избирачките одбори и да ви одговори на прашањата поврзани со изборните дејства. Текстот на релевантните членови од Законот за локалните избори и Законот за измени и дополување на Законот за локалните избори, во целост е прикажан во Прилогот А. Вашата ОИК е тука за да Ви помогне и да Ви одговори на било какви ваши прашања.

Во функција на фер и демократски избори, Ве молиме да ги прибележите сите поголеми проблеми кои се појавуваат и информирате ја ДИК.

# ДОДАТОК А - Значајни закони за членовите на избирачкиот одбор

## ЗАКОН ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ [1]

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 2**

Граѓаните на општи, непосредни и слободни избори, со тајно гласање, избираат членови на советите на општините и Советот на градот Скопје (во натамошниот текст: советите), како и градоначалник на општините и градоначалник на градот Скопје (во натамошниото текст: градоначланик).

Членовите на советите се избираат по пропорционален принцип, сопред кој се гласа за листа на кандидати во општините, односно градот Скопје, а избирачот гласа само за една листа на кандидати.

Градоначалник се избира според мнозински рпинцип, со листа на кандидат за градоначланик.

**Член 3**

Право да избира и да биде избран за член на совет има секој државјанин на Република Македонија кој има 18 години живот, има деловна способност и е со постојано живеалиште во општината, односно градот Скопје каде што се вршат избори.

Право да избира и да биде избран за градоначалник има секој државјанин на Република Македонија кој има 18 години живот, има деловна способност и е со постојано живеалиште во општината, односно градот Скопје каде што се вршат избори.

**Член 4**

Се гарантира слобода и тајноста на гласањето.

Никој не смее да го повика граѓанинот на одговорност поради гласањето ниту пак од него да бара да каже за кого гласал или зошто не гласал.

### III. ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

**Член 8**

Органи за спроведување на изборите се: оштинските изборни комисии, изборната комисија на град Скопје (во натамошниот текст: изборни комисии) и избирачки одбори.

---

[1] Вклучени се и релевантните одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за локалните избори.

Изборните комисии ги именува Републичката (државна) изборна комисија за време од четири години и се составени од претседател и четири членови кои имаат свои заменици при што двајца членови се од опозиционите партии кои на последните избори за пратеници освоиле, најмалку 5% гласови од избирачите кои гласале, а двајца од партиите на позицијата.

Изборната комисија има и секретар кој не е член на изборната комисија.

Именувањето на изборните комисии, Републичката (државна) изборна комисија го врши во рок од 15 дена од денот на распишувањето на изборите.

**Член 10**

Избирачките одбори ги именува изборната комисија најдоцна 15 дена пред денот определен за одржување на изборите и се составени од претседател и двајца членови кои имаат заменици. Кандидати за членови на избирачките одбори предлагаат политичките партии, во рок од десет дена пред рокот на нивното именување, а при изборот од секоја политичка партија се избира еден член од партиите во опозиција и еден член од партиите на позицијата.

Доколку политичките партии не дадат предлог во рокот утврден во став 1 на овој член, членовите на избирачките одбори и нивните заменици ги предлага претседателот на изборната комисија.

Членови на изборните комисии и на избирачките одбори, како и нивните заменици можат да бидат само лица кои имаат избирачко право, со постојано живеалиште на подрачјето на таа општина, односно градот Скопје и не можат да бидат кандидати за членови на совет и за градоначалник.

Избирачките одбори на изборните комисии на општините од подрачјето на градот Скопје се избирачки одбори на изборната комисија на градот Скопје.

Членовите на изборните комисии и на избирачките одбори својата функција ја извршуваат совесно и одговорно во согласност со надлежностите утврдени со овој закон, а за работата извршена во изборната комисија, односно избирачкиот одбор имаат право на соодветен надоместок.

**Член 11**

Во изборните комисии и во избирачките одбори секој предлагач на листа на кандидати за член на совет и за градоначалник може да определи по еден свој претставник и негов заменик кои имаат право да присуствуваат во работата на изборните комисии и избирачките одбори и тоа од започнувањето на изборите се до утврдувањето и објавувањето на резултатите од изборите.

Претставниците од став 1 на овој член учествуваат во работата на изборните комисии и избирачките одбори само во случаите утврдени со овој закон.

Предлагачите на листите на кандидати за член на совет и за градоначалник им издаваат овластување на лицата од ставовите 1 и 2 на овој член и за тоа ја известуваат изборната комисија и избирачкиот одбор.

**Член 11-а**

Државната изборна комисија:

1. Се грижи за законитост во подготовките и спроведувањето на изборите и дава упатства и појаснување за примена на овој закон;

2. Го именува составот на изборните комисии;

3. Формира свои помошни тела за извршување на организационо - техничките работи;

4. Определува единствени стандарди за изборниот материјал;

5. Пропишува обрасци за спроведување на изборите и ги објавува во вСлужбен весник на Република Македонијаг;

6. Го предава изборниот материјал на изборните комисии;

7. Го определува начинот на ракувањето и чувањето на изборниот материјал;

8. Го организира печатењето на гласачките ливчиња;

9. Ја утврдува формата, големината, бојата и сериските броеви на гласачките ливчиња;

10. Ги врши работите утврдени со Законот за избирачкиот список;

11. Го пропишува видот на средството со кое се одбележуваат и проверуваат лицата кои гласале (уве ламби, спреј и графитно перниче);

12. Ги објавува во дневниот печат описите на избирачките места за соодветната општина;

13. Ја информира јавноста за начинот на гласањето и за остварувањето на избирачкото право;

14. Донесува кодекс за правилата за набљудување на изборите на домашни и странски набљудувачи во согласност со меѓународните стандарди и им обезбедува исправи за идентификација;

15. Донесува правилник и упаство за надоместокот на изборните органи;

16. Ја информира јавноста за текот на изборите;

17. Поднесува финансиски извештај за своите активности за спроведените избори до Собранието на Република Македонија;

18. Врши и други работи утврдени со закон."

## VI. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

### Член 43

Изборната комисија еден ден пред денот определен за одржување на изборите во присуство на претставниците на листите на кандидати му предава на избирачкиот одбор материјал за гласање и тоа: потребниот број кутии за гласање, формулар со вкупниот број гласачки ливчиња за членови на совет, формулар со вкупниот број гласачки ливчиња за градоначалник, заверен извод од избирачкиот список за соодветното избирачко место, записник за работата на избирачкиот одбор како и друг материјал потребен за гласање.

Изборната комисија на избирачкиот одбор со записник му предава толкав број гласачки ливчиња колку што има избирачи на односното избирачко место според изводот од избирачкиот список и притоа во записникот се наведуваат сериските броеви на гласачките ливчиња за тоа избирачко место.

На избирачкиот одбор во затворен плик му се предава определен број гласачки ливчиња кој е запишан на самиот плик. Овие гласачки ливчиња се користат само во случај кога на гласање пристапил избирач кој без своја вина не е запишан во изводот од избирачкиот список на тоа избирачко место, што во записникот посебно се внесува. (не важи)

Во присуство на претставниците на кандидатите за преземањето на изборниот материјал од ставовите 1,2 и 3 на овој член избирачкиот одбор составува записник кој го потпишуваат претседателот и сите членови на избирачкиот одбор.

Копие од записникот од став 4 на овој член добива секој претставник на кандидатите.

Истиот ден избирачкиот одбор проверува дали просторијата во која ќе се гласа е во соодветна состојба за гласање и тоа го констатира во записникот за преземање на изборниот материјал од став 4 на овој член.

## 1. Гласање и гласачко ливче

### Член 45:

Гласачкото ливче за избор на членови на советот содржи:

1. Реден број, име и симбол (ако го има) на подносителот на листата;
2. Име и презиме на носителот на листата врз основа на податоците од матичната евиденција и
3. Сериски број на гласачкото ливче во делот кој останува на кочанот на блокот.

Доколку има носители на листа со исто име и презиме тогаш се наведува почетната буква на нивното средно име.

Избирачот гласањето на листите на кандидати го врши на тој начин што го заокружува редниот број на подносителот на листата за која што се определил да гласа и гласачкото ливче преклопено го става во кутијата за гласање за листите на кандидати за членови на советот.

Гласачкото ливче се откинува од кочанот на блокот по нумерички редослед и му се дава на гласачот, на начин што серискиот број останува на кочанот.

Гласачкото ливче за избор на градоначалник содржи;

1. Име и симбол (ако го има) на подносителот на листата;

2. Реден број, име и презиме на кандидатите врз основа на податоците од матичната евиденција и

3. Сериски број на гласачкото ливче во делот кој останува на кочанот на блокот.

На гласачкото ливче кандидатите се наведени по оној редослед кој е утврден во единствената листа на кандидат.

Доколку има кандидати за градоначалник со исто име и презиме, тогаш се наведува и почетната буква на нивното средно име.

Избирачот гласањето за кандидат го врши на тој начин што го заокружува редниот број пред кандидатот за кој се определил да гласа и гласачкото ливче преклопено го става во кутијата за гласање за избор на градоначалник во општината односно градот Скопје.

Гласачкото ливче се откинува од кочанот на блокот по нумерички редослед и му се дава на гласачот, на начин што серискиот број останува на кочанот.

Називот на гласачкото ливче за избор на членови на советот и градоначалник го содржи името на општината, односно градот Скопје, за која се врши изборот;

Името на подносителот на листата и името и презимето на носителот на листата се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

За припадниците на другите заедници, името на подносителот на листата и името и презимето на носителот на листата се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на заедницата на која тие и припаѓаат.

Упатството за гласање не е дел на гласачкото ливче.

Упатството се истакнува на видно место на гласачкиот параван и на други видни места на гласачите места во согласност со Упаството издадено од Државната изборна комисија. Упатството е печатено на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазиците и писмата на други заедници наведени во Преамбулата на Уставот на Република Македонија.

Листите на кандидати ќе бидат истакнати во просторијата за гласање".

**Член 46**

Најдоцна еден час пред почетокот на гласањето претседателот и членовите на избирачкиот одбор во присуство на претставниците на кандидатите се собираат во просторијата за гласање и прегледуваат дали просторијата е во иста состојба како што ја оставиле на денот пред изборите, дали изборниот материјал е во иста состојба како што бил на денот пред изборите и дали гласачката кутија е празна. За утврдената состојба избирачкиот одбор прави записник кој го потпишуваат претседателот и членовите, а доколку претставниците на кандидатите имаат забелешки во записникот ги ставаат своерачно.

Гласањето започнува во 7,00 часот и трае до 19,00 часот.

Кога на избирачкото место ќе се наруши редот, избирачкиот одбор може да го прекине гласањето додека не се воспостави ред. Гласањето може да се прекине и во случај на временски непогоди или други вонредни околности. Ако гласањето било прекинато подолго од еден час, гласањето ќе се продолжи за онолку време колку што траел прекинот, но не подолго од три часа. Ако прекинот траел подолго од три часа гласањето ќе се повтори. Времето за кое гласањето морало да се прекине и причините за прекинот на гласањето се внесуваат во записник.

Во 19,00 часот избирачкото место се затвора, а на избирачите кои се затекнале на избирачките места ќе им се овозможи да гласаат.

**Член 46-а**

Објектот во кој е сместено гласачкото место за време на спроведувањето на гласањето го обезбедува полицијата.

По затворањето на гласачкото место, полицијата го обезбедува објектот во кој е сместено гласачкото место и избирачкиот одбор и ги отстранува сите неовластени лица од објектот.

Полицијата го обезбедува избирачкиот одбор до предавање на записникот и изборниот материјал на изборната комисија".

**Член 47**

За време на гласањето мора да бидат присутни членовите или замениците на избирачкиот одбор, а можат да присуствуваат и претставниците на кандидатите кои имаат право да дадат веднаш приговор доколку утврдат недостатоци при гласањето, за што претставникот на кандидатите се потпишува лично во записникот.

Приговорот од став 1 на овој член претставниците на кандидатите го доставуваат до изборната комисија која е должна да го разгледа и да одговори на приговорот во рок од 24 часа.

Избирачкиот одбор се грижи за одржување на редот и мирот на избирачкото место.

Избирачкиот одбор може секој кој прави неред на избирачкото место да го отстрани.

Ако е потребно избирачкиот одбор може да побара помош од полицијата.

Никој не смее да дојде на избирачкото место со оружје или со опасно средство, освен работниците на полицијата од став 5 на овој член.

**Член 48**

Гласањето се врши лично на гласачките места утврдени во општината односно градот Скопје.

Избирачите пристапуваат да гласаат еден по еден. Еден од членовите на избирачкиот одбор проверува дали избирачот е на соодветното гласачко место.

Кога избирачот пристапува да гласа, избирачкиот одбор утврдува со употреба на ултравиолетовата ламба за проверка, дали гласачот има небришлив белег на палецот на десната рака, при тоа проверувајќи го и ноктот на палецот на избирачот.

Кога избирачот пристапува да гласа, избирачкиот одбор го проверува неговиот личен идентитет.

Личниот идентитет избирачот го докажува со лична карта или патна исправа.

Избирачкиот одбор, по утврдувањето на идентитетот на избирачот го заокружува неговиот реден број во изводот од Избирачкиот список и избирачот го става својот потпис, а ако е неписмен става отпечаток од десниот показалец. Ако избирачот нема десен показалец тој ќе стави отпечаток од неговиот лев показалец, а доколку нема ни лев показалец, не се става отпечаток.

По идентификацијата, избирачот добива гласачко ливче и му се обележува со невидливо мастило за обележување на палецот на десната рака, односно палецот на левата рака, доколку нема палец на десната, при тоа внимавајќи мастилото да го опфати и ноктот на палецот. Ако избирачот нема палец на двете раце нема да се врши обележување".

**Член 49**

Избирачот кој не е во можност да гласа на гласачкото место (немоќно или болно лице), а сака да гласа, за тоа ќе ја извести изборната комисија најдоцна три дена пред денот определен за гласање.

Известувањето од ставот 1 на овој член може да се даде и преку полномошно.

Избирачкиот одбор на лицето од ставот 1 на овој член ќе му овозможи да гласа во неговиот дом или во болницата каде што се наоѓа еден ден пред одржување на изборите на начин на кој се обезбедува тајноста на гласањето.

Избирачкиот одбор од ставот 3 на овој член обезбедува посебна кутија за гласање која се носи празна во домот, односно болницата каде се наоѓа избирачот.

Гласањето од ставот 3 на овој член избирачкиот одбор го внесува во записникот.

За денот и часот на гласањето од ставот 3 на овој член, претседателот на изборната комисија ги известува претставниците на подносителите на листите."

**Член 49-а**

Избирачот кој има физички недостаток или е неписмен и поради тоа не може да гласа на начин утврден со овој закон, има право со себе да доведе лице кое ќе му помогне при гласањето.

Ако избирачот од ставот 1 на овој член не доведе со себе лице кое ќе му помогне при гласањето, тогаш избирачкиот одбор ќе определи друго лице од редот на избирачите.

Лицето кое ќе му помага на друго лице при гласањето не смее да биде од редот на членовите на избирачкиот одбор, претставниците на подносителите на листите или набљудувачите.

Едно исто лице може да помогне при гласањето најмногу на двајца избирачи од ставот 1 на овој член.

Избирачкиот одбор на лицето од ставот 3 на овој член ќе му укаже дека со неговата помош не треба да влијае врз одлуката на избирачот.

Гласањето од ставот 1 на овој член избирачкиот одбор го внесува во записникот.

### Член 50

Избирачите кои на денот на гласањето не се во местото на своето живеалиште поради отслужување на воен рок или воена вежба, гласаат во воената единица, организацијата, установата или единицата.

Избирачите кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор, гласаат во казнено-поправните домови.

Изборната комисија е должна веднаш по добивањето на списоците на избирачите од ставовите 1 и 2 на овој член да ги достави на воените единици, организациите, установите, единицата, како и до казнено-поправните домови каде што избирачите се на одслужување на воениот рок или се на воена вежба, односно на издржување казна затвор или се во притвор.

За избирачите од ставовите 1 и 2 на овој член, изборите ги спроведува избирачкиот одбор од најблиското избирачко место, еден ден пред денот определен за гласање, а за гласањето се известуваат и претставниците на подносителите на листите заради нивно присуство на гласањето.

За гласањето од ставот 4 на овој член избирачкиот одбор составува посебни записници.

Записниците и изборниот материјал по завршувањето на гласањето се доствуваат до соодветните изборни комисии.

## 2. Утврдување на резултатите од гласањето на избирачките места

### Член 52

По завршувањето на гласањето, без прекин, избирачкиот одбор во присуство на претставниците на кандидатите веднаш започнува со утврдување на резултатите од гласањето, за што составува записник.

Резултатите од гласањето се утврдуваат на тој начин што избирачкиот одбор прво ги пребројува неупотребените гласачки ливчиња и ги става во посебен плик, кој го затвара и го запечатува. Потоа, врз основа на изводот од избирачкиот список го утврдува вкупниот број избирачи кои гласале и пристапува кон отворање на кутијата за гласање и пребројување на гласовите.

Во записникот од став 1 на овој член избирачкиот одбор внесува: колку избирачи има на подрачјето на избирачкото место според изводот од избирачкиот список, колку избирачи гласале според гласачките ливчиња, колку избирачи гласале само со лична карта, односно патна исправа, колку гласачки ливчиња се неважечки и колку гласови добиле одделни листи на кандидати, односно листа на кандидати, за градоначалник. Во записникот се внесуваат и евентуалните забелешки дадени од членовите на избирачкиот одбор и од претставниците на кандидатите. Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на избирачкиот одбор.

Записникот и другиот изборен материјал, избирачкиот одбор го доставува до изборната комисија во рок од пет часа по извршеното гласање на односното избирачко место, а копие од овој записник добива секој претставник на кандидати.

Избирачкиот одбор по завршувањето на дејствата од ставовите 2, 3 и 4 на овој член веднаш на избирачкото место објавува првични резултати од извршеното гласање на избирачкото место.

**Член 58**

Изборната комнсија во присуство на претставниците на кандидатите составува записник за својата работа во кој особено се внесува: бројот на избирачите во општината, односно градот Скопје запишани во избирачкиот список, бројот на избирачите кои гласале, бројот на неважечките гласачки ливчиња, вкупниот број гласови што ги добила секоја листа на кандидати, со назначување на името на политичката партија и бројот на гласовите дадени за листите.

Секој член на изборната комисија и секој претставник на кандидати може да даде свои забелешки кои своерачно ги внесува во записникот.

Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на изборната комисија, а копие од записникот добива секој претставник на кандидатите.

Секој предлагач на листа на кандидати за член на совет и листа на кандидат за градоначалник во постапката на утврдувањето на резултатите од изборите во општината, односно градот Скопје има право на приговор до изборната комисија во рок од 48 часа од објавувањето на резултатите од изборите.

## X. НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

**Член 70**

Изборите и изборната постапка може да ги набљудуваат меѓународни асоцијации и организации во рамките на преземените обврски од меѓународните договори кои Република Македонија ги ратификувала согласно со Уставот, како и регистрирани организации и здруженија во Републиката од областа на заштитата на човековите права и слободи.

На субјектите од став 1 на овој член и на јавните гласила им обезбедува полномошно Републичката (државна) изборна комисија. Овие лица со полномошно имаат право слободно да се движат на територијата на Република Македонија и да ги следат сите активности што се извршуваат за време на изборната кампања и на денот на изборите.

# ПОВРЕДА НА ИЗБИРАЧКОТО ПРАВО
**(Кривичен Законик Службен Весник бр. 37/96; 80/99; 4/02)**

**Член 158**

(1) Тој којшто со употреба на сила, сериозна закана или на друг начин оневозмодува или спречува одрдување избори или гласање или го оневозмодува или спречува утврдувањето или објавувањето на резултатите од гласањето, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(2) Ако делото од став 1 е сторено на организиран начин или на подрачјето на две или повеќе изборни единици, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

**Член 159**

(1) Член на избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување референдум или друго слудбено лице кое во вршењето на слудбата во врска со изборите или гласањето, со намера да му оневозмоди на друг вршење на избирачко право, противзаконито не ќе го запише во избирачки список или во листа на кандидати или ќе го избрише од избирачки список или од листа на кандидати или на друг начин ќе го лиши избирачот од правото да избира, да биде избран или да гласа, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и член на избирачки одбор, изборна комисија или одбор за спроведување референдум или друго слудбено лице кое во вршењето на слудбата во врска со изборите или гласањето, на противзаконит начин ќе му овозмоди на друг да користи избирачко право, иако знае дека тоа лице нема такво право.

(3) Обидот е казнив.

**Повреда на слободата на определување на избирачите**

**Член 160**

(1) Тој којшто со употреба на сила, сериозна закана, измама или на друг начин ќе присили или ќе спречи друг да го врши, да не го врши или да го врши избирачкото право во определена смисла, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од став 1 го стори член на избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување на референдуми или друго слудбено лице во вршењето на слудбата во врска со изборите или гласањето, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(3) Обидот е казнив.

**Злоупотреба на избирачкото право**

**Член 161**

(1) Тој којшто на избори или гласање ќе гласа наместо друг или ќе гласа повеќе од еднаш, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој којшто ќе земе учество на изборите или гласањето, иако знае дека нема избирачко право.

(3) Обидот е казнив.

**Поткуп при избори и гласање**

**Член 162**

(1) Тој којшто на лице со избирачко право му нуди, дава или ветува подарок или друга лична корист, со намера да го придобие да го врши, да не го врши или да го врши избирачкото право во определена смисла, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и лице со избирачко право кое ќе бара за себе подарок или друга корист или ќе прими подарок или друга корист, за да го врши, да не го врши или да го врши избирачкото право во определена смисла.

**Повреда на тајноста на гласањето**

**Член 163**

(1) Тој којшто при избори или при гласање ќе ја повреди тајноста, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци.

(2) Ако делото од став 1 го стори член на избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување референдум или друго слудбено лице во вршењето на слудбата во врска со изборите или гласањето, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(3) Со казната од став 2 ќе се казни и тој којшто со употреба на сила, сериозна закана, искористување на слудбена, работна или економска зависност и на друг начин, ќе издејствува од друг да каде дали гласал или како гласал.

**Уништување на изборни исправи**

**Член 164**

(1) Тој којшто ќе уништи, прикрие, оштети, преправи или на друг начин ќе стори да биде неупотреблива исправа, книга или спис што слуди за изборите или гласањето, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од став 1 го стори член на избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување референдум или друго слудбено лице во вршењето на слудбата во врска со изборите или гласањето, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

**Изборна измама**

**Член 165**

Член на избирачки одбор, изборна комисија, одбор на спроведување референдум или друго слудбено лице во вршењето на слудбата во врска со изборите или гласањето што при изборите или гласањето, ќе го измени бројот на дадените гласови со додавање или одземање на едно или повеќе гласачки ливчиња или ќе го измени бројот на гласовите при пребројувањето или при објавувањето на резултатиге од изборите или гласањето со додавање или одземање на еден или повеќе гласови, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години

# ДОДАТОК Б - Листа за проверка на пакетот со изборен материјал

| Бр. | ОПИС | Кол. | КОМЕНТАР | | Штиклирај |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Пенкала | 24 | | | |
| 2 | Маркер (црн) | 2 | | | |
| 3 | Спајалици (кутија) | 1 | | | |
| 4 | Притискачи (кутија) | 1 | | | |
| 5 | Лењир (30см.) | 1 | | | |
| 6 | Хевталица, мала, со муниција | 1 | | | |
| 7 | Ножички | 1 | | | |
| 8 | Дневник, 50 стр., со испечатена насловна страна | 1 | Во вид на тетратка, со нумерирани страни | Д | |
| 9 | Тефтер , 50 страни | 1 | | | |
| 10 | Марамчиња (ролна или кутија) | 1 | За отстранување на вишокот на мастило | * | |
| 11 | Дигитрон, рачен | 1 | | | |
| 12 | Перниче за отисоци (за неписмените) | 1 | За оставање отисоци на Избирачкиот список | * | |
| 13 | Конец | 1 | За прицврстување на пенкалото за гласачката кутија | | |
| 14 | Селотејп | 2 | Ролни | * | |
| 15 | Ознаки - „Забрането носење на оружје" и „Забрането пушење" | 2 од секое. | Самолеплива налепница, големина А4 | | |
| 16 | Ознаки за на маса: Лице кое издава гласачки ливчиња и Лице кое го проверува идентитетот | 1 од секое | | * | |
| 17 | Беџ за идентификација, со штипка „Претседател" и „Член на избирачкиот одбор" | | Испечатена картичка, 1/член | | |
| 18 | Налепница за гласачката кутија со бр. на гласачкото место (залепете ја на гласачката кутија). | 2 | А5, Општина и број на гласачко место. | | |
| 19 | Ултравилетово (УВ) мастило ( во вид на спреј) | 2 | За обележување на прстот на избирачот | * | |
| 20 | Ултравиолетова ламба (рачна) | 2 | За проверка на УВ мастилото | * | |
| 21 | Батерии „АА" (пакување од 4) | 2 | За УВ ламбите | * | |
| 22 | Нумерирани пластични сигурносни ленти | 3 | За обезбедување на капакот и отворот на гласачката кутија | | |
| 23 | Нумерирани пластични сигурносни ленти | 7 | За запечатување на вреќите за транспорт на материјал + резерва | | |
| 24 | Гласачка кутија (пластична, со капак и отвор што се запечатуваат) | 1 | | | |
| 25 | Непробоен плик за употрбените и неважечките гласачки ливчиња | 1 | Со налепница за општина и број на гласачко место | Д | |
| 26 | Непробоен плик за неупотребените гласачки ливчиња и кочаните од гласачките ливчиња | 1 | Со налепница за општина и број на гласачко место | Д | |
| 27 | Непробоен плик за Избирачкиот список и Дневникот | 1 | Со налепница за општина и број на гласачко место | Д | |
| 28 | Вреќа за транспорт на доверлив материјал со Налепница | 1 | Ставете налепница, нумерирана сигурносна лента и етикета | Д | |
| 29 | Вреќа за транспорт на недоверлив материјал | 1 | Ставете безбедносна лента и налепница | | |
| 30 | Ознаки со конец | 4 | За обележување на вреќите за транспорт | | |
| 31 | Плик за трансфер на Образецот 15 (за резултатите) и други обрасци | 1 | Испечатен, со налепница за општина и број на гласачко место | | |
| 32 | Ознаки за гласачкото место | 2 | | | |
| 33 | Обрасци за гласачкото место | 1 | 1 пакет | | |
| 34 | Прирачник за членовите на избирачкиот одбор | 1 | | | |

Дополнителна посебна ставка:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 35 | Гласачки параван | 3 | Самостоечки картон |
| 36 | Постер за гласачкото место | 1 | |

**НАПОМЕНА:**

1. **Доверливите материјали означени со "Д" се препакуваат во проширната вреќа за транспорт на доверлив материјал.**
2. **Недоверливите материјали означени со * се препакуваат во вреќата за транспорт на недоверлив материјал.**
3. **Вреќите за транспорт се пакуваат во гласачката кутија за транспорт до ОИК**

**ОБРАЗЕЦ БРОЈ 13**
**Член 43 ставови 2 и 4 од**
**Законот за локалните избори**

# З А П И С Н И К

## ЗА ПРЕДАВАЊЕ - ПРЕЗЕМАЊЕ НА ИЗБИРАЧКИОТ МАТЕРИЈАЛ ОД ИЗБОРНАТА КОМИСИЈА НА ИЗБИРАЧКИОТ ОДБОР

Избирачкиот одбор на избирачкото место број ____ на општина ____________________ во состав од :
(назив на општината)

1.____________________, претседател
(име и презиме)
2. ____________________, член
(име и презиме)
3. ____________________, член
(име и презиме)

се состана на ______________ во ____________ часот во просторијата
(дата)
определена за гласање за ова избирачко место.

Изборната комисија на избирачкиот одбор му предаде, односно избирачкиот одбор го презема следниов изборен материјал:

1. ______________________ гласачки ливчиња за избор на градоначалник со сериски број од ________ до _________, односно колку што има вкупно избирачи запишани во изводот од Избирачкиот список.
2. __________________ заверен извод од Избирачки список од избирачкото место број ________.
3. __________________ кутии за гласање, ____________ паравани за гласање.
4. __________________ записници за работата на избирачкиот одбор.

Во ______________
(место и дата)

